КУЛТУРА
БУЛ. СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ 68а
Тел: 111-332; Факс 22 86 08

# Култура

КУЛТУРА
e-mail:ipkultura@unet.com.mk
www.kultura.com.mk

## ДОСИЕ „МАЛА СТАНИЦА“

# ЧИЈ Е НЕКОГАШНИОТ МАГАЦИН НА ЈНА?

*Унескова куќа на уметностите на земјите од Југоисточна Европа или Културен центар „Мала станица“?*

СУНЧИЦА УНЕВСКА




Куќата на уметности на земјите од Југоисточна Европа беше презентирана како идеја на конференцијата на УНЕСКО во Париз, која се одржа на почетокот на овој месец, беше кажано на завчерашната прес конференција во Министерството за култура, што уште еднаш го актуелизира во јавноста проектот "Мала станица", врз кој работеше режисерот Слободан Унковски. Имено, предвидено е оваа куќа на уметности да биде поставена токму во објектот познат како "Мала станица" во Скопје, несуден културен центар на една група уметници предводена од Унковски. Идејата за Куќата на уметности, како што кажа министерката за култура Ганка Самоиловска Цветанова при нејзината презентација, која одеше и визуелно преку компјутерска анимација, "тргнува од целта за подобро меѓусебно запознавање и зближување на земјите од Југоисточна Европа, во смисла на олеснување на патот кон целосна регионална соработка и регионална стабилност", но се чини дека работите не се толку чисти, како што изгледаат на прв поглед.

Да потсетиме дека идејата на Министерството за култура, која доби поддршка од Владата на Република Македонија, а чие формално одобрување се очекува на некоја од следните седници на Владата, е просторот од околу 2000 квадратни метри да го преуреди во галериски и арт комплекс, со тоа што секоја земја од Југоисточна Европа би требало да добие посебен департмент со големина од 150 квадратни метри. Планирано е на земјите овие департменти да им бидат екстериторијално отстапени, а во нив тие "да можат да ги презентираат своите културни достигнувања, да организираат изложби, перформанси и се што ќе сметаат дека ќе биде од важност за нивна достојна презентација". Во рамките на на оваа куќа на уметности предвидена е и мала киносала со капацитет од околу сто седишта во која ќе можат "сите земји некомерцијално да ги презентираат нивните филмски достигнувања или да одржуваат предавања од областа на културата и уметноста".

Со овој проект Министерството за култура веќе аплицирало во УНЕСКО и, како што кажа министерката за култура, ако добијат поддршка куќата ќе го носи името "Унескова куќа на уметностите на земјите од Југоисточна Европа". Инаку, во финансиската конструкција која се уште не е заокружена, ќе учествува Владата на Македонија, Министерството за култура и Министерството за надворешни работи, и тоа во поглед на уредувањето и санирањето на надворешниот дел. Додека за уредувањето на ентериерот би требало да се погрижи секоја од земјите која во оваа куќа ќе добие простор, во кој ќе има и постојана поставка.

Оливер Шамбевски, портпарол во Министерството за култура, вели дека сето ова сè уште е во форма на договарање, меѓутоа тие ја очекуваат полната поддршка од УНЕСКО, бидејќи идејата за овој проект од генералниот секретар на УНЕСКО, Коиширо Мацура, била поздравена како проект од големо значење за неа. "Ова би била втора Унескова куќа на уметноста воопшто во светот и нејзината промоција би не промовирала во неформален лидер

## РЕАКЦИЈА НА СЛОБОДАН УНКОВСКИ

# „Мала станица“ не е проект на УНЕСКО, туку на Унко



По вчерашната изјава на Министерката за култура Самоиловска - Цветанова, за давање на зградата на Културниот центар „Мала станица“ во Скопје, на друг корисник а со иста намена, би сакал да ве потсетам на следново:

Културниот центар „Мала станица“ е основан 1992 година и од тогашната Влада на Република Македонија е добиен на користење на 15 години (значи до 2007 најмалку) стариот магацин на ЈНА на улица „Железничка“ бр. 18 со површина од 2.000 м2. Идејата од самиот почеток беше да се развие прва приватна институција во културата во Македонија, која би гиобединувала театарските активности, визуелните уметности, издаваштвото, филмските уметности и едукацијата.

Зградата, изградена 1927 год. беше комплетно очистена, направена голема канцеларија и други мали предуслови за активности.

Од 1993 до почетокот на 1996 со меѓународна помош, со мала поддршка на тогашното Министерство за култура, со средства од домашни донатори и со лични средства на сите учесници во проектите беа направени најмалку 5 претстави, една голема изложба на Центарот за современи уметности на СОРОС, уште неколку помали изложби, ТВ серија во 6 епизоди и др. Цела една генерација млади актери и режисери кои денес се водечки во Македонија, ги направија своите први чекори во таа зграда.

Претставата "Туку така под облака" е сè уште најприкажуваната македонска претстава по разни фестивали низ Европа.

Во тој период се направени и проектите за адаптација на зградата и преговарано е со разни финансиски институции околу финансирањето на изградбата. Беа направени четири проекти а последниот проект е скоро комплетно спремен за градење.

Во периодот од февруари 1996 до октомври 1998, додека бев Министер за култура, ги стопиравме скоро сите активности, зошто сметав дека не можам и да бидам Министер и да имам свој приватен центар од истата област во која предлагам закони и распоредувам средства од околу 40 милиони германски марки на годишно ниво.

По завршување на мандатот и со воспоставување на новата власт, заедно со еден од можните инвеститори за дел од зградата, поднесовме уредни документи за почеток на адаптацијата во Министерството за урбанизам . Две години траеше агонијата во која постојано се бараа додатни измени, додека не ни стана дефинитивно јасно дека нема никогаш да добиеме таква дозвола.

По неколкуте мои интервјуа во локалниве весници во кои критички говорев за работата на Владата, а особено за нејзиниот неодговорен однос кон македонската култура, традиција и јазик, почнаа редовно да ни ги кршат прозорците на канцеларијата, а во октомври 2000, Владата на премиерот Георгиевски донела одлука со која престанува важењето на Одлуката на Владата од 1993 година кога ја добивме зградата на користење.

Никакво образложение не е дадено ни во одлуката ниту на некој друг начин, ниту е посочен некаков правен лек.

Владата ја заклучи зградата, и бидејќи ние одбиваме да се иселиме, дел од мебелот, реквизитите, светлосна опрема, костими и скоро целокупната документација остануваат во зградата.

Приказната за „Мала станица“ е дел од една веќе банална приказна за начинот на кој се отугуваат вредностите во Македонија - девалвирање, девастирање, неможност ништо да се направи без аминување од власта и потоа присвојување на идеите или вредноста седно, по никаква цена.

„Мала станица“ како име на Културен центар и како тип на културни активности е развиена од група културни работници од Скопје со широка поддршка на граѓаните на градот. Таа го носи тоа име како дел од меморијата за еден дел на градот и како нагласок на алтернативните идеи што таму се развија или требаше допрва да се развиваат.

Земањето на зградата од нас за да се развие исто така културен центар Мала станица го сметам за криминален чин и евтин предизборен маркетинг на Министерката за култура.

во областа на културата на Балканот", ни рече Шамбевски. На прашањето за овој простор и за договорот во врска со културниот центар "Мала станица", кој во 1992 година беше потпишан со Слободан Унковски, Шамбевски ни рече дека овој договор е раскинат поради нереализирањето на обврските преземени со него, во поглед на адаптирањето на просторот.

Меѓутоа, Слободан Унковски, директор на споменатиот културен центар, вели дека договорот за користењето на овој простор, потпишан со Владата во 1992 година на 15 години, еднострано е раскинат после две години натегања околу добивањето одобрение за адаптација, кое според зборовите на Унковски, никогаш и не е добиено. Всушност, овој објект Владата го добива по заминувањето на ЈНА бидејќи тоа претходно биле магацински простории во нивна сопственост. Некаде во 80-те ЈНА ќе престане да ги користи овие простории и ќе ги издава на неколку фирми под закуп. За подоцна Слободан Унковски да го добие за спомената идеја, да направи културен центар "Мала станица", кој ќе биде театар, галерија, простор во кој ќе се изведуваат алтернативни уметности. Во периодот од 1992 до 1996 година, како што ни рече Унковски, направени се пет театарски претстави, меѓу кои "Туку така под облака", "Циркусот Принтипрам" и други, кои гостуваа на 15 фестивали и "со кои беше промовирана една нова генерација уметници". Беа направени две изложби, едната во соработка со СОРОС, а другата независно, и една ТВ серија "Аирлија транзиција", во која финансиски учествувале меѓународни и домашни институции. Меѓутоа, вели Унковски, во тригодишниот период од 1996 до 1998, кога тој беше министер за култура освен некои ситни активности сето тоа донекаде стагнира сметајќи дека "не е во ред да има приватен проект додека ја извршува оваа функција".

## Наместо регионални зближувања, локални конфликти

Во меѓувреме направени се четири проекти за адаптација на зградата, и тоа од страна на Билјана Филиповска, потоа од Даниел Серафимовски од Лондон, од професор архитект Бекташ Ченгис од Истанбул и од Јана Јаневска од "Македонија проект". Како што ни кажа Слободан Унковски, за овие проекти дадени се и средства, приватни пари од различни финансиери, на пример едниот проект чинел 22 илјади марки, другиот 8-9 илјади марки итн. "Кога ние ја добивме оваа зграда, ја расчистивме, поставивме систем на осветлување и во неа имаше претстави иако немавме затоплување", вели Унковски. По завршувањето на неговиот мандат, најден е инвеститор, но 2,5 години траело натегањето со Министерството за урбанизам и општината "Центар" за добивање одобрение за адаптација на просторот, но тоа одобрение и покрај уредните документи, никогаш не е добиено. Во 2000 година во октомври овој договор е прогласен за неважечки со потпис на премиерот Љупчо Георгиевски, додека во февруари следната година внатре во зградата е доставено писмо со кое се известени дека договорот е раскинат и дека мора да се иселат. "Во оваа зграда сè уште има дел од нашата техника и мебел, вели Унковски, но по кршењето на катанците тие ја имаат заклучено зградата и во неа не може да се влезе".

"Мала станица" е име на мојот проект вели Унковски и додава дека оваа зграда се наоѓа во трошна состојба, за што е потребна навистина сериозна адаптација. Според нивните тогашни пресметки, како што ни рече Унковски, а кои предвидувале и зголемување на овој простор за 1000 квадратни метри, тие ја надминувале сумата од 3 милиони марки, а додека за наједноставната адаптација тогаш биле потребни некаде околу 1000 марки. Проектот "Мала станица" е проект на Слободан Унковски и така е влезен во Урбанистичкиот план на градот.